UDK: 373.5.016:811.163.3

# MACEDONIAN LANGUAGE IN SECONDARY EDUCATION

**Liljana MAKARIJOVSKA**[1]
**Zhaklina GJORGIJOSKA**[2]

**Abstract**

*The monitoring of the realization of the teaching process of Macedonian language and literature as a subject in secondary schools and the level of usage of the Macedonian standard language with the students in secondary schools points to a series of inconsistencies in the realization of the teaching goals of this subject in the area of language use at all its levels and in all areas.*

*In order for these inconsistencies to be overcome, since they directly reflect the linguistic expression of the students, it is necessary that all the curricula students' textbooks are based on should be revised, especially since these textbooks are the basic means of education for these students. Special attention should be paid to all the recurrent mistakes, (regardless of the area of their occurrence-phonology, morphology or syntax), in order to realize if the linguistic weakness of the students' expressions are owed to the mistakes in the curricula or if it is another matter.*

*All the disadvantages and the gaps in the practical use of the Macedonian language which are reflected on the quality of the knowledge obtained should be subjected to a more complex research by the teachers themselves since they are directly involved in the practice, as well as by the linguistic researchers.*

*There should also be initiatives for open discussions regarding the contrastive analysis of the current, up-to-date status of the Macedonian language, and other Slavic languages as well. Also, there should be initiatives to enhance the learning of the grammatical structure of the Slavic languages in order to apprehend the similarities and the differences among them, while shedding some light on the globalization processes. All of the abovementioned activities can be best realized as students' project activities.*

**Keywords:** standard language, linguistic expression, curricula, Slavic languages, students' textbooks.

Предметот Македонски јазик и литература е општообразовен наставен предмет којшто во себе ги интегрира оспособувањето и воведувањето на учениците во основите на современиот македонски јазик, а целта на наставата по македонски јазик во средното образование е да се продлабочат, прошират и синтетизираат знаењата и способностите за примена на македонскиот јазик. Најважниот дел на секоја наставна програма е дефинирањето на целите и задачите на наставниот предмет како и дидактичко-методските насоки кои ќе ја олеснат работата во постигнувањето на целите. Во образовниот процес, според наставната програма предвидена за гимназиското и стручното образование, рамноправно учествуваат подрачјата Јазик и Литература, застапени со еднаков број часови. Наставните цели од делот Јазик се утврдени со Наставната програма изработена од Бирото за равој на образованието на Р. Македонија, а одобрена од Министерството за образование и наука[3].

Согледаните недостатоци и празнини во наставната практика, кои на своевиден начин се одразуваат на квалитетот на усвоените знаења, мора да се разгледаат посериозно и постудиозно. Досега, овој проблем не бил предмет на покомплексно истражување ниту од наставниците кои се директно инволвирани во практиката, ниту од научните работници иако има обиди во одделни трудови да се укаже на проблемите во реализацијата на делот Јазик од предметот Македонски јазик и литература во средното образование (Алексова, 2000: 75–79), но во тој поглед, досега не се постигнати

[1] Institute of Macedonian language- Skopje, R. Macedonia, makarijoska@yahoo.com
[2] Institute of Macedonian Language, Skopje, R. Macedonia, zaklina.gjorgjioska@gmail.com,

[3] *Наставна програма за македонски јазик и литература за реформираното гимназиско образование за I, II, III, IV година*, Биро за развој на образованието, Скопје 2001–2002.
*Наставна прогама за македонски јазик и литература средно стручно образование за I, II година*, Биро за развој на образованието, Скопје 2005–2006.

посебни резултати, а повеќето анализи се однесуваат на реализацијата на програмските цели за основното образование (Алексова, 1997: 31–41, 1998: 33–41, 1999: 89–95; Бојковска, 2000:148–153, 2001: 93–98; Минова-Ѓуркова, 1999: 15–19; Петковска, 2008; Соколова, 2010: 167−171 и др.).

Целта на нашето истражување беше: согледување на јазичните грешки кои се дел од говорното и писменото изразување по предметот Македонски јазик и литература кај учениците од средното образование; утврдување на степенот на реализацијата на целите по предметот од страна на професорот и од страна на ученикот; лоцирање на проблемите и воедно изнаоѓање на можните решенија преку соодветни методски постапки да се реализира очекуваната цел. Беше направена сеопфатна анализа во која беа вклучени повеќе гимназии и стручни училишта во Република Македонија. Базата на собран материјал се состоеше од: тестови, писмени работи, индивидуални есеи и состави, анкетни прашалници за ученици и професори и од резултатите од матурските испити од учебната 2006/2007 до учебната 2013/2014 година.

Резултатите од државната матура се, исто така, индикатор за слабостите во реализацијата на наставата по предметот Македонски јазик и литература во средното образование. Со спроведување на соодветни истражувања и анализи може да се дојде до сознанија за причините коишто доведуваат до полоши резултати на матурата.

Со составувањето на анкетните прашалници можат да се добијат порелевантни податоци за реализацијата на наставните цели и од страна на професорите и од страна на учениците и оттука да произлезат и предлози, идеи и насоки коишто ќе се обидеме да ги дадеме, а со цел да се надминат проблемите во наставниот процес.

Современата настава по предметот македонски јазик и литература за учениците од гимназиското образование подразбира остварување на глобалните цели преку кои тие ќе бидат оспособени за: *употреба на македонскиот стандарден јазик* (усно и писмено) во различни ситуации; користење на знаењата од теоријата и историјата на литературата (термини, поими, факти, теории); *читање со разбирање* на различни книжевни и научни дела од македонската и светската литература. Поради апстрактниот карактер на јазично-граматичкиот материјал, постои опасност за несознателно и нетрајно усвојување на знаењата, доколку наставниот процес не се раководи од *дидактичките принципи*.

Нашето истражување опфаќа анализа на секое јазично рамниште: фонетика и фонологија, односно правопис, акцент, морфологија, синтакса, лексикологија и лексикографија, фразеологија, стилистика, дијалектологија, ономастика и, секако, ја опфаќа и темата за историскиот развој на македонскиот јазик.

Резултатите од истражувањето се анализирани, систематизирани, со укажување за степенот на усвојувањето на одделни јазични проблеми на сите јазични рамништа и тоа во контекст на можните причини што го отежнуваат усвојувањето, како и на предлог методи што ќе овозможат поуспешна реализација на предвидените граматички содржини.

Истражувањето, генерално, покажа дека учениците од основното образование доаѓаат со половични знаења од областа на јазикот и индицира повеќе проблеми.

Во врска со фонологијата, несомнено, усвојувањето на знаењата за гласовниот систем придонесуваат учениците да го применуваат правописот во нивното писмено изразување, а правоговорот за правилно читање, зборување и рецитирање. Следејќи ја јазичната практика, забележуваме дека учениците не го познаваат доволно правописот. Најчести регистрирани грешки се јавуваат кај: гласовните промени, едначењето по звучност, удвојувањето на согласките и самогласките, при употребата на голема буква, слеано и разделено пишување; при употреба на правописните и интерпункциските знаци. Затоа предлагаме наставниците внимателно да ги установуваат правописните грешки и да ги анализираат со одредена педагошка цел, да ги класифицираат за да можат да пристапат кон избор на методи за учење и надминување на проблемите. Исто така, предлагаме *Правописот на македонскиот литературен јазик* и *Правописниот речник на македонскиот литературен јазик* (1999) да бидат учебни помагала на часот.

Треба да се поттикнува активноста на часовите и креативноста за издвојување на клучните елементи од наставата, брзо и ефикасно учење и полесно помнење; да се развива дискусија за да се согледа мислењето на учениците, степенот на усвоеноста на знаењата; да се посвети повеќе простор на

вежбите кои нудат одговори на прашањата што им создаваат тешкотии на учениците; на крајот на поголемите тематски единици да се врши проверка на знаењата (усно или писмено).

Во практиката често се забележува отстапување од правилата за акцентирање. Имено, учениците иако ги совладуваат правилата за акцентирање, не умеат стекнатото знаење да го применат во својот изговор. Кај трисложните и повеќесложните зборови се забележуваат големи отстапувања и нарушувања на нормата, а позначително нарушување има во употребата на акцентските целости – тие се зачувани само кај учениците од западниот дел на Македонија, додека се констатира нивна неупотреба кај учениците од централниот и источниот дел на Македонија. Употребата на аудиозаписите може многу да придонесе за подобрување на акцентот кај учениците и воедно да ја олесни реализацијата на наставата.

При сублимирање на резултатите беа утврдени и потешкотии при реализацијата на содржините од областа на морфологијата. Имено, учениците во основното образование ги немаат усвоено сите синтаксички елементи и термини кои се предуслов за распознавање на определени функции на зборовите во речениците. Истражувањето што беше направено на репрезентативен број ученици потврди дека учениците имаат некакво предзнаење за подметот, за некои прилошки определби и за глаголскиот прирок, меѓутоа немаат никакво предзнаење за вокативната форма (функција) кај именките, за глаголско-именскиот прирок (зборовна група во функција на именски дел од глаголско-именскиот прирок), за директен, индиректен и предлошки предмет. Оттука произлегуваат и проблемите при реализацијата на наставните содржини за функциите на: именките, придавките, броевите, заменките во реченицата. Се забележува дека учениците не умеат правилно да определат корен на зборот, а тоа е многу важно за понатамошните усвојувања на наставните цели од морфологијата. Во поглед на придавките може да се истакне дека проблеми се јавуваат во определувањето на заменските и бројните придавки и нивната употреба. Кај броевите се забележува неправилна употреба на приближна бројност и бројни грешки при членувањето на броевите. Кај заменките се забележуваат грешки при употребата на кратките и долгите заменски форми за директен и индиректен предмет и кај дел од лично-преметните заменки. При определувањето на граматичките категории на глаголите посебно се јавуваат тешкотии во определувањето на категоријата преодност, се забележува погрешна употреба на минатите времиња, а учениците мошне тешко ги сфаќаат вторичните значења на времињата итн. Во однос на неменливите зборови можат да се констатираат поголеми отстапувања кај предлозите кои учениците најчесто ги употребуваат во погрешен контекст.

Во врска со синтаксата се забележуваат значителни нарушувања во збороредот во реченицата, согласувањето на подметот и прирокот како и определувањето на видот на сложената реченица и погрешната употреба на некои сврзници (сврзникот *така да* наместо *така што,* употребата на прашалниот прилог *зошто* како сврзник); употребата на директниот и индиректниот предмет. Неопходно е постојано да им се укажува на учениците за правилната употреба на сврзниците со цел да се искоренат неправилностите од типот на преземање сврзници од туѓи јазици, што може да има долгорочни последици врз јазичното изразување на учениците.

Од анкетата и тестот што ги спроведовме за да го утврдиме степенот на лексичките познавања на учениците, може да се заклучи дека учениците обично не го знаат потеклото на некои зборови и почесто го знаат значењето. Евидентна е зачестената употреба на заемките од англискиот јазик во јазичното изразување на учениците. На часот треба постојано да се поттикнува употребата на еднојазични (толковни) и двојазични речници, со цел учениците да се навикнат да ги употребуваат кога ќе почувствуваат потреба да го проверат значењето на одделни зборови, па на своевиден начин тие ќе им помогнат да го збогатат својот јазичен израз. Сметаме дека областа лексикологија и лексикографија треба да биде застапена со повеќе часови, на сметка на дијалектологијата, од причина што се потребни повеќе лексички вежби кои ќе придонесат за збогатувањето на индивидуалниот израз на ученикот. Има значаен дел од лексичкото богатство на македонскиот јазик, што е помалку застапен во програмските содржини на гимназиското и стручното образование, на пр.: терминолошката лексика (професионалната), која им е потребна за понатамошниот професионален развој. Несомнена е и потребата од повеќе вежби за ученикот да научи правилно да ги избира и употребува зборовите при своето изразување, за совладување на: синонимите, хомонимите, антонимите и паронимите, за соодветна употреба на домашната лексика итн.

Според резултатите од анкетата што беше спроведена на прашања од областа на дијалектологијата, професорите сметаат дека дијалектолошките содржини се премногу опширни и

детални, па е невозможно да бидат целосно восприемени од страна на учениците. Во практиката се применува: истражувачка работа на учениците, скратено предавање со посебен осврт на најзначајните особености на дијалектите и многу вежби. Но, сепак, наставникот се соочува со големи проблеми, како временски така и содржински, да ја реализира наставната програма и да ги заинтересира учениците да земат активно учество во наставата, а заинтересираноста на учениците за оваа област е на пониско ниво. Затоа сметаме дека е неопходно мало ревидирање на наставните цели од страна на Бирото за развој на образованието.

Во однос на содржините по фразеологија може да се забележи дека учениците мошне ретко користат фазеологизми во писменото изразување, за разлика од усното изразување. На часот, сепак, пројавуваат поголем интерес за фразеологизмите, за нивното значење и употребата во разговорниот стил. Сепак, треба да се поттикнува интересот на учениците за фразеологизмите, за нивното толкување и употреба, но и да им се создаде навика да користат фразеолошки речници.

Усвоените знаења за функционалните стилови му овозможуваат на ученикот да ги препознава и да ги користи во различни ситуации и области. Во зависност од целта на комуникацијата, ученикот се оспособува да употребува соодветни јазични средства, карактеристични за определен функционален стил, коишто ќе му го олеснат функционирањето во општеството. При анализата на функционалните стилови во конкретни текстови, учениците ги утврдуваат и знаењата за претстојниот матурски испит.

Македонскиот антропонимиски и топонимиски систем будат голем интерес кај младите генерации. Од аспект на антропонимијата, може да се истакне дека учениците пројавуваат интерес за потеклото на своите лични имиња и создавањето на личните имиња на своите блиски, а од аспект на топонимијата за потеклото на некои локални имиња, за установување на многу стари имиња на места итн.

Во образовниот процес се изучува современиот македонски јазик. Но, квалитетното усвојување на современата јазична стандардна норма не е можно без разгледување и анализа на историскиот развој на македонскиот јазик. Ова значи дека некогаш не може да се објасни некоја современа стандардна појава без претходни знаења за историскиот развој на јазичните процеси. Затоа, историскиот осврт на јазикот и споредбата со современиот стандарден јазик е неминовност во усвојувањето на граматичките содржини. Од практиката може да се забележи дека учениците не се заинтересирани за изучување на историскиот развиток на македонскиот јазик, поради непознавањето на старословенскиот јазик и неговите специфични карактеристики итн. Често се случува наставните единици од оваа тема да се научат напамет, без размислување. Користењето учебни помагала, избори од средновековни текстови пишувани во различни периоди може да биде од голема полза и олеснување за учениците и наставниците при презентацијата и усвојувањето на знаењата од старословенскиот и црковнословенскиот период. На учениците треба да им се објаснат погледите на авторите од втората половина на XIX век, особено за дијалектната основа на македонскиот јазик, со оглед на тоа што немаат чувство за општествено-политичките и историските околности, за политичките превирања и туѓи пропаганди на патот на развојот на македонскиот јазик врз најсоодветна дијалектна основа.

Замислата на Крсте Мисирков централните говори да бидат втемелени во основата на современиот македонски јазик е реализирана, за што значаен придонес има и Блаже Конески при кодификацијата на македонскиот јазик. Во основата на речникот, пак, се вградени елементи од сите дијалекти на македонскиот јазик и на тој начин тој станува побогат и поизразит. И азбуката и фонетскиот правопис од историски и јазичен аспект се потврда на Мисирковите пораки.

Предлагаме во наставата по македонски јазик да се вклучи и анализа на сличностите и разликувачките особености на современиот македонскиот јазик во однос на останатите словенски јазици, а определено внимание да се посвети и на глобализациските процеси и сл.

Нашето истражување укажува на потребата за: мало ревидирање на наставните планови и програми; овозможување на професорот непречено да користи прирачна литература (правопис, речник) која ќе биде достапна и за ученикот, а не наставата да ја ограничува само на учебникот; перманентно образование и на ученикот и на наставникот како главна стратегија на модерното и современото училиште.

Несомнено, оправдани се заложбите на Бирото за развој на образованието за перманентна едукација на наставниот кадар преку организирање семинари и работилници на кои се презентира модерната и креативна настава.

Сознанијата од практиката покажуваат загрижувачка слика за (не)реализацијата на јазичните содржини по предметот Македонски јазик и литература во средното образование. Имено, во повеќе средни училишта јазикот се сведува на многу помалку часови во споредба со литературата, која е позастапена во наставниот процес. Тоа повторно го актуелизира предлогот (одамна образложуван на јавни трибини, научни собири и сл.) на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици и на многу други лингвисти, за поделба на предметот Македонски јазик и литература, секако во име на грижата за македонскиот јазик во образовниот систем. Исто така, и со оглед на слабите резултати по предметот македонски јазик на државната матура и на екстерното тестирање, сметаме дека треба да се размислува и за зголемен фонд часови по Македонски јазик во средното образование.

**Литература**

Алексова, Г. (1993). *Лингвостилистичкиот пристап во наставата по македонски јазик*, магистерска работа, Филолошки факултет – Скопје.

Алексова, Г. (1997). Резултати од едно истражување на состојбите во наставата по синтакса во основното образование, *Трет научен собир на млади македонисти*, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, 31–41.

Алексова, Г. (1998). Уште еднаш за синтаксата во основното образование (на примери од Граматиките за основното образование), *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, кн. 24, Скопје, 33–41.

Алексова, Г. (1999). Делот Граматика во Работните листови по македонски јазик (V–VIII одд.), *Јазикот во учебниците за основното образование*, Скопје, 89–95.

Алексова, Г. (2000). Принципот на системност и последователност низ содржините по стилистика, *Литературен збор*, 2000, 1–2, Скопје, 105–110.

Бојковска, С. (2000). Наставникот-фактор во изградувањето на јазичната култура кај ученикот, *Јазикот наш денешен*, кн. 3, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 148–153.

Бојковска, С. (2001). Прашањето – еден од елементите во дидактичката комуникација на часот по македонски јазик, *Литературен збор*, XLVIII, 3–4, Скопје, 93–98.

Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. (2008). *Општа граматика на македонскиот јазик*, Просветно дело, Скопје.

Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. (2009). *Македонски јазик и литература за I, II, III, IV год. за реформирано гимназиско образование*, Просветно дело, Скопје.

Минова-Ѓуркова Л. 1994. Јазикот и литературата во наставата, *Литературен збор*, XLI, 4–6, Скопје, 75–78.

Минова-Ѓуркова, Л., Владова, Ј. (1996). Лектирата во основното и во средното образование, *Литературен збор*, XLII, 3–4, Скопје.

Паноска, Р. (1994). *Методика на наставата по македонски јазик*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Петковска, Б. (2008). *Методика на креативната настава по македонски јазик во нижите одделенија на основното училиште*, Магор, Скопје.

Соколова, М. (2010). Улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците во основното образование, *Литературен збор*, LVII, 4−6, Скопје, 167−171.